Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

## Извадок на дел од дневни настани 05.01.2023

На 04.01.2023 во 16.20 часот на ул.„Руди Чаевец‟ во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода З.Б.(43) од Прилеп, со живеалиште во Скопје. Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело „измама‟ по член 247 од Кривичниот законик. Лицето ќе биде спроведено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

На 04.01.2023 во 13.00 часот, полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода Р.М.(20) од село Баница, струмичко. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени предмети кои потекнуваат од тешки кражби и кражби извршени на подрачјето на СВР Струмица. Лицето било задржано во полициска станица, за настанот бил запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица и по негово целосно документирање, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.01.2023 во 15.15 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле Џ.С.(24) од с.Шишево, скопско. При преглед кај него бил пронајден предмет кој потекнува од кривично дело „кражба‟ извршена во продажен објект во трговски центар во Карпош, а исто така, кај него бил пронајден и одземен нож. Одземеното било вратено на сопственикот, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против него ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 04.01.2023 во 18.55 часот на бул. „Александар Македонски‟ во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода С.М.(22) од Босна и Херцеговина, со живеалиште во Шуто Оризари – Скопје и М.С.(20) од Скопје. При преглед на возило „фолксваген пасат‟ со скопски регистарски ознаки, во кое се превезувале, биле пронајдени предмети за кои постои сомнение дека потекнуваат од кривично дело „тешка кражба‟ извршена во подрумски простории на бул.„Видое Смилевски Бато‟ во Скопје и еден пиштол „Берета‟. Предметите им биле одземени, а тие биле задржани во полициска станица. По целосно документирање на случајот, против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 04.01.2023 во 22.30 часот на ул.„Јорго Костовски‟ во Битола, по наредба од Основен суд Битола, полициски службеници од СВР Битола ја привеле С.Б.(46) од Битола, која била барана по потерница за издржување затворска казна. Лицето било спроведено во Казнено-поправната установа Затвор Идризово за издржување на затворската казна.

На 04.01.2023 во 23.25 часот на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.А.(39) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.01.2023 околу 18.00 часот на улица „133‟ во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 44-годишниот тетовец У.Ш., затоа што кај него бил пронајден и одземен кокаин. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 04.01.2023 во 23.45 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.А.(49) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.01.2022 околу 08.50 часот во Блок 87 во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 34-годишниот тетовец И.А., затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе следува соодветен поднесок.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (04.01.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 133 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина шест санкции, 11 мерки за возење без возачка дозвола, 12 санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), три санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се пет мерки за користење мобилен телефон при возење, четири санкции за некористење сигурносен појас, три мерки за нерегистрирани возила...

Во текот на вчерашниот ден (04.01.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 121 возач. Од нив едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа 60 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 61 надвор од населено место.

На 04.01.2023 во 20.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локалниот пат с.Ласкарци-с.Буковиќ, скопско, патничко возило „фолксваген венто‟ со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Џ.(22) од с.Паничари, скопско, удрило во З.М.(47) од с.Ласкарци. Во несреќата, З.М. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „8 Септември‟. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 04.01.2023 во 15.15 часот во Полициската станица Центар, В.С.(54) од Скопје пријавила дека во кругот на Комплексот клиники „Мајка Тереза‟ била касната од куче скитник.

На 04.01.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Карпош, И.К.С.(37) од Скопје пријавила дека на бул.„Илинден‟ била касната од куче скитник.

На 04.01.2023 во 20.20 часот во Полициската станица Драчево, М.Б.(46) од Скопје пријавил дека на ул. „Славка Динкова‟ бил каснат од куче скитник.

На 04.01.2023 околу 21.30 часот на улица „Гоце Делчев‟ во Гостивар, полициски службеници од СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар ја лишиле од слобода 39-годишната Е.Ј. од Скопје, со времен престој во Гостивар. Таа се сомничи дека е инволвирана во разбојничка кражба пријавена на 31.12.2022 во трговски објект на улица „Илинденска‟ во Гостивар. Таа била задржана во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот ќе биде изготвен соодветен поднесок.

Денеска (05.01.2023), полициски службеници од Полициската станица Берово го лишиле од слобода Д.Г.(36) од с.Митрашинци, беровско. Тој се сомничи дека на 04.01.2023 околу 22.00 часот во с.Митрашинци предизвикал пожар во патничко моторно возило „мерцедес‟ со швајцарски национални ознаки, сопственост на Т.Н. од с.Калиманци, виничко. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена кривична пријава.

На 04.01.2023 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 16 прекршоци, од кои 11 во населено место и 5 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 22 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 1 за непрописно престигнување, 1 за некористење сигурносен појас и 10 за непрописно паркирање.

Денеска (05.01.2023) околу 12 часот во СВР Велес било пријавено дека на железничкиот премин кај фабриката Порцеланка во Велес се случила железничка незгода помеѓу работна машина на Железници на Република Северна Македонија и такси возило - комбе „мерцедес‟ со велешки регистарски ознаки, сопственост на такси компанија од Чашка, а управувано од Д.Ј.(52) од Чашка. Во незгодата со повреди се здобиле 12 патници, кои биле пренесени во Општа болница Велес за укажување лекарска помош. Увид извршила увидна екипа од СВР Велес.

На 04.01.2023 во 02.45 часот на ул.„Козара‟ во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Ј.(19) од Штип, затоа што околу 01.30 часот во Комплексот клиники „Мајка Тереза‟ одзел патничко возило, сопственост на мензата на болницата и со него удрил во бетонски столб. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.01.2023 во 19.00 часот во СВР Тетово, Н.Ѓ.(25) од тетовско Беловиште пријавила дека на улица „120‟ во Тетово била касната од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Н.Г.(35) од с.Добрејци, струмичко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без лиценца‟. На 04.12.2022, пријавениот бил затекнат како со патничко возило „фиат дукато‟ врши јавен превоз на патници во патниот сообраќај без притоа да поседува лиценца за вршење на јавен превоз издадена од надлежен орган - Министерство за транспорт и врски.

На 04.01.2023 во 09.30 часот во Полициската станица Гази Баба Б.Х.(74) од Скопје пријавила дека на ул.“Маџари‟ била касната од куче скитник.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.М.(37) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје и распрскувачки материи‟. На 17.12.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле 3.860 парчиња разновидни пиротехнички средства.

На 04.01.2023 во СВР Скопје било пријавено дека околу 21.00 часот пред продажен објект во с.Визбегово, скопско, едно лице од огнено оружје испукало еден куршум во воздух. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.С.(51) од с.Шупли Камен, кумановско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без лиценца‟. На 11.12.2022, пријавениот бил затекнат како со патничко возило „рено меган‟ врши јавен превоз на патници во патниот сообраќај без притоа да поседува лиценца за вршење на јавен превоз издадена од надлежен орган - Министерство за транспорт и врски.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет